*Извештај за реализација на проектот* ***“Родителство за животното здравје”***

Во периодот од март до мај 2024 година, стручните соработници (педагог и психолог) учествуваа во посета и реализација на проектот “Родителство за животното здравје”, организиран од Центарот за родителство “Алтернатива”, поддржан од о. Карпош.

Во периодот од 11,12,13 март 2024 стручните соработници педагог Даниела Панајотова и психолог Светлана Јовевска најнапред учествуваа на тридневната обука каде стекнаа сертификат за фасилитатор, а потоа период од април-мај одржуваа 5 сесиски обуки за родители на деца на возраст од 5 до 10 години.

Сесиите беа со времетраење од 2 часа, а секоја сесија имаше посебна тематика за обработка според програмата за родителство. Низ работилници, родителите искуствено учеа вештини за родителство.

На обуката за вештини за родителство учествуваа вкупно 11 родители. Одржавме и 2 супервизиски средби со тренерите од “”Алтернатива”” за текот и предизвиците со кои се соочувавме низ сесиите со родители.

Фидбекот од родителите беше многу задоволувачки, со пофални зборови за нас како фасилитатори за водењето на работилниците, а и од тоа што научиле за себе како родители пред се, за потоа да го применат на децата. Секоја сесија беше и за нас предизвикувачка, но и сепак завршувавме сите со позитивни чувства.







